M-р Ристо Фотов

Стопанската експанзија на земјите од Далечниот исток

# По трагите на јапонското чудо

**Во стопанскиот простор на Далечниот исток, повеќе од две децении мошне успешен развој бележат стопанствата на Јужна Кореја и Тајван, како и на двата града – држави: Сингапур и Хонг Конг. Следејќи го примерот на јапонското чудо во стопанските остварувања, тие успеаја да ги зацврстат позициите во светските производни и трговски текови и да забележат експлозивен раст**

Во последниве две години, кога светското стопанство оствари рецесиони стапки на раст, Јужна Кореја, Тајван, како и Сингапур и Хонг Конг регистрираа двоцифрени стапки на стопански раст. Со својот економски потенцијал, тие се наметнуваат како фактор кој не може да се потценува. Така, во изминативе повеќе од две и пол децении овие земји ја намалија разликата во националниот доход по жител, во однос на ОЕЦД.

За мошне успешниот и стабилен економски развој на четирите „мали змејови" од Далечниот исток зборува и податокот за висината на инфлационата стапка, која во 1987. година во Хонг Конг забележа ниво од само пет отсто, во споредба со трите проценти колку што изнесуваше просечната инфлациона стапка во развиените индустриски земји и 40 отсто во земјите во развој.

### ● Континуиран растеж

Трендот на успешен, непрекинат стопански подем на овие земји трае од 1960. наваму. Како резултат на тоа, нивното учество во светската трговија се зголеми за три пати, во периодот 1960.-1986. година (од два на шест отсто). Годишното производство во периодот 1960.-1987. година бележеше просечен реален пораст меѓу осум и девет проценти. Тоа им овозможуваше на овие стопанства да поминуваат мошне успешно низ процесот на преструктуирање, во насока на поголема застапеност на посовршени технологии, пред се во областа на електрониката и автомобилската индустрија. Во функција на спроведувањето на процесот на квалитативна развојна преобразба, беа направени неопходните подготвителни чекори.

Електрониката (посебно микроелектрониката) беше прифатена како стопанска инфраструктура, извозот на стопанството стана главна и трајна ориентација а во тие рамки се овозможи слободна конкуренција. Сè тоа придонесе за остварување на значајни стопански перформанси. Големо внимание во одвивањето на процесот на квалитативната развојна преобразба, покрај на преземените структурни промени во стопанските активности, му се посвети и на школувањето врвни кадри. Така, на пример, Јужна Кореја, до средината на осумдесеттите години, во САД школуваше шест илјади инженери по електроника.

Сево ова доволно зборува за мошне сериозно сфатената потреба од преземање на неопходните подготовки за создавање на потребните услови за спроведување на преструктуирањето на стопанствата на овие „мали змејови" од Далечниот исток. Тој процес се одвиваше и се одвива под влијание на сознанието за поголемата пропулзивност на модерните технологии во однос на традиционалните, што, впрочем, претставуваше главна цел кон која се насочени вкупните ангажирања.

### ● Примена на најсовремени технологии

Преминот од трдиционалните индустриски гранки кон модерни, со примена на нови технологии, со успех се оствари. Забележителните резултати што се постигнуваа и се постигнуваат во текстилната индустрија, како резултат на ниските дневници, со уште позабележителен интензитет се остваруваат во областа на електронската и автомобилската индустрија. Текстилот зададе сериозни грижи и главоболки на планот на конкурирањето на овие производи во САД. Сега тоа се случува и со електрониката и со автомобилската индустрија.

Во што е тајната на успехот на стопанскиот подем на четирите земји од Далечниот исток? Прашање што, навистина, заслужува внимание. Еден од факторите врз кои се базираше економскиот динамичен раст во изминатиот период од над две и пол децении се ниските дневници. И денес, цената на трудот е релативно ниска. Тоа претставува само еден од чинителите врз кои се базира трајност, стабилен и мошне динамичен стопански развој.

Сега, и во развојот на современата технологија, овој момент е еден од конститутивните елементи на тајната на успехот. Меѓутоа, еден, не помалку важен елемент, посебно во современиот технолошки развој, претставува добрата обученост на работната сила, како и способноста да се копираат туѓите технолошки решенија (слично на јапонското искуство). Секако, тоа е од огромна важност.

На сите овие интерни услови и компоненти, врз кои се базира стопанско-производствената активност, силна импулсна енергија им дава значително обилната американска финансиска помош. Во добар дел, стопанскиот успех на овие „мали тигри" или „мали змејови" (и едното и другото претставуваат синоним за мошне офанзивниот стопански растеж), се потпира и врз успешното користење на политич-

„Нова Македонија" 1.10.1991 го.

НОВА МАКЕДОНИЈА

# ЕКОНОМИЈА И ПАЗ

**НОВО ВО ЕКОНОМСКАТА ЛИТЕРАТУРА** 1.10.1991 го.

# Обликувањето на нова Европа

Појавата на книгата од авторите Тодор Тодоров и Вангел Василески, „Европа '92", со својата исклучителна актуелност и општествена корисност на тематиката и комплексноста на материјата што ја третира, без сомнение, ќе пополни една сериозна празнина во литературата од македонско јазично подрачје за процесот на политичкото, економското, културното, социјалното, научното и технолошкото итегрирање на Европа. Без претерување може да се тврди дека и на добрите познавачи на оваа проблематика, оваа книга ќе ѝ е од голема корист. Внимателниот читател може да извлече бројни и релеватнни информации за процесите под чие влијание се обавува обликувањето на нова Европа во Европска „супер држава".

Обединета Европа, нагласуваат авторите, внесува надеж дека ќе понуди трајно решение на бројните етнички, политички и други судири кои во минатото на два пати ја турнаа во воени катаклизми. Другиот аспект на обединета Европа несомнено е од програмска природа, тој се состои во проширување на границите за оплодување на капиталот. Инспирирани од духот на овие аспекти ги наведе на размислувања, во поблиското минато, некои политичари, државници и научници за изгледот на идна Европа. Од бројните визи и размислувања, што авторите ги изнесуваат во книгата, интересно е некои и да се наведат: Францускиот генерал и државник Шарл Де Гол размислувал и се залагал за „Европа од Атлантик до Урал", Винстон Черчил, воен премиер и политичар на В. Британија за „Соединети Европски Држави" и денес Михаил Горбачов за „Европа како заеднички дом".

Користејќи ја дијалектиката во објаснувањето на процесите и феномените со кои се заплиснати Европските просторин, авторите ни откриваат релевантни сознанија и констатации. Тие го потенцираат фактот дека „Европа '92" е резултат на општествено економското еволуирање на Европа, притоа нагласувајќи ги стратешките координати на кои почива досегашниот и идниот развој на Европа. Тоа се елементите кои го сочинуваат „светото тројство": благосостојба на економски, демократија на политички и правда на социјален план. Непочитување на било кој од овие елементи од „светото тројство" значи нарушување на темелите на кои се засннва современа Европа.

Тематиката, документационата подлога и ширина на информациите со кои се срекава читателот во оваа книга, како и оргиналниот начин на презентација, прегледноста, аналитичноста разбирливоста на стилот на кој е пишуван овој труд, без сомнение ќе претставува вистинско задоволство за читателот. Затоа средбата со оваа книга претставува ретка прилика за љубопитниот читател кој преферира на збогатување на своите сознанија од оваа проблематика. Од тие причини овој труд го заслужува вниманието покрај на научната и стручната, исто така и на пошироката јавност ◆

**Д-р РИСТО ФОТОВ**